ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

# Апстракт од конечен ревизорски извештај

**Клучни субјекти опфатени со ревизорскиот извештај:**
Градски трговски центар, АД за издавање на деловен простор под закуп, Скопје

**Предмет на ревизија:**
Ревизија на финансиски извештаи заедно со ревизија на усогласеност.

**Цел на ревизијата:**
Да се добие разумно уверување дали финансиските извешти се ослободени од материјално погрешни прикажувања и дали активностите и трансакциите се во согласност со законската регулатива.

**Клучни утврдени состојби:**
Фактурите за тековно и инвестиционо одржување и електрична и топлотна енергија не се во целост согласно донесените Одлуки, не е извршено запишување на правото на сопственост на земјиштето и на дел од деловниот простор на објектот, неурамнотеженост помеѓу бројот на акциите во Централниот депозитар за хартии од вредност и сопственоста на деловниот простор, неусогласеност меѓу вредноста на основната главнина евидентирана во трговските книги и запишаниот основачки влог во Централниот регистар.

**Издадено мислење/заклучок*:** (црвено, жолто)
Изразивме неповолно мислење за реалноста и објективноста на финансиските извештаи и мислење со резерва за усогласеност со законската регулатива, упатства и воспоставени политики.

**Клучни препораки:**
Изготвување методологија и продолжување со активностите за изготвување на фактурите за тековно и инвестиционо одржување, електрична и топлотна енергија, регулирање на сопственоста на земјиштето и на деловниот простор, усогласување на основната главнина, бројот и вредноста на акциите.

**Клучни системски слабости:**
/

**Добиени забелешки на нацрт Извештај:**
Добиени се забелешки по Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор при што оценето е дека претставуваат известувања и образложение за констатираните состојби.

**Одговор на добиени забелешки:**
Одговорот на забелешките е даден во прилог на овој Конечен извештај.

* (зелено) позитивно, (жолто) со резерва, (црвено) неповолно, (црно) воздржување



INTERCERT system certification ISO 9001: 2015 CERTIFIED Q-025/2018